# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 26.05.2015 Скопје<br>Број 9 год. X | Претплата за 2015 год. изнесува 1.500,00 денари<br>Овој број чини 150,00 денари |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


**Мај, 2015 година**

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлуката за определување на временски период во текот на календарската година во кој не може да се градат градби, односно да се изведуваат градежни работи на подрачјето на Општина Центар-Скопје, со решение за објавување........... 1-2

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар - Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар – Скопје ("Службен гласник на Општина Центар –Скопје бр.1/06) Градоначалникот на Општина Центар –Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за определување на временски период во текот на календарската година во кој не може да се градат градби, односно да се изведуваат градежни работи на подрачјето на Општина Центар-Скопје**

1. Се објавува Одлуката за определување на временски период во текот на календарската година во кој не може да се градат градби, односно да се изведуваат градежни работи на подрачјето на Општина Центар-Скопје донесена на 5-та вонредна седница на Советот на Општина Центар-Скопје одржана на 23.05.2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

**Бр.09–3361/3**
**23.05.2015 година**
**С к о п ј е**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Центар - Скопје**
**Андреј Жерновски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (‟Службен весник на Република Македонија‟ бр.05/2002 година) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар–Скопје (‟Службен гласник на Општина Центар-Скопје‟ бр.1/06), а во врска со член 67 став 5 од Законот за градење („Службен весник на РМ бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014 и 44/2015), Советот на Општина Центар – Скопје на 5-та вонредна седница, одржана на 23.05.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за определување на временски период во текот на календарската година во кој не може да се градат градби, односно да се изведуваат градежни работи на подрачјето во Општина Центар – Скопје**

**Член 1**

На подрачјето на Општина Центар – Скопје, во опфатот помеѓу улиците: Булевар „Мито Хаџивасилев – Јасмин‟, Булевар „Кочо Рацин‟, улица „11 Октомври‟ и улица „Македонија‟ не може да се градат градби, односно да се изведуваат градежни работи во период од 23 мај 2015 година до 30 септември 2015 година.

**Член 2**

Во случај на потреба од изведување на итни и неодложни градежни работи Општина Центар - Скопје ќе издава поединечна согласност.

**Член 3**

Се задолжува Секторот инспекторат на Општина Центар -Скопје да врши надзор на спроведувањето на оваа Одлука и да превзема соодветни мерки согласно Законот за градење и Законот за инспекциски надзор.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје‟.

**Бр.08-3361/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**23.05.2015 год.** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**С к о п ј е** **Мирослав Шиповиќ, с.р.**